# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 12 | 04.09.2018 год. |

ЈЕГУНОВЦЕ, АВГУСТ 2018

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2018 год.

**Се прогласува** Одлуката за за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2018 год. , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 31.08.2018год.

Бр. 08-1236/1
04.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002),а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012) Советот на Општина Јегуновце на 12 седница одржана на ден 31.08.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Јегуновце**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врШи измена на распоредот на средствата на Буџетот на ОпШтина Јегуновце

за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВ** | | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 1.430.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник Општина Јегуновце и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Бр. 08-1190/3
31.08.2018

Претседател на Советот на ОпШтината
**Орхан Сабрии**, с.р.

3.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Буџетскиот календар за донесување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2019 год.

**Се прогласува** Буџетскиот календар за донесување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2019 год. , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 31.08.2018 год.

Бр. 08-1236/2
04.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), член 27 ставовите 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Јегуновце на дванаесетата седница одржана на ден 31.08.2018 год.,донесе,

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ЗА 2019 ГОДИНА

| РБ. | Носител на активност | Буџетски активности | Месеци |
|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии | Министерството за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изотвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотации од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините<br>Закон за буџетите и<br>Закон за финансирање на ЕЛС | Септември |
| 2. | Градоначалник на општина и Одделение за финансиски прашања | Утврдува насоки за подготовка на финансиски планови на буџетските корисници | Почеток на Октомври |
| 3. | Одделение за финансиски прашања | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата на буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби | 15-25 Октомври |
| 4. | Општински буџетски корисници | Доставуваат предлог буџетски планови.<br>- со проценка на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на одделението за финансиски прашања од буџетски корисници | 30 октомври |
| 5. | Одделение за финансиски прашања | а) се собираат буџетските барања и плановите на буџетските корисници<br>б) барањата се анализираат и усогласуваат<br>в) се изготвува биланс на приходи<br>г) се изготвува биланс на расходи | ноември |
| 6. | Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, патишата и улици и локален економски развој | Се изготвуваат развојни програми на урбанистички планови и комунално уредување на буџетот на општината | ноември |
| 7. | Градоначалник на Општина | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-Буџетот подготвен од Одделението за финансики прашања | 15-20 ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Совет на Општина | Изготвување на Нацрт Буџет и Предлог -Буџет и расправа за евентуално дополнување | Почетокот на декември |
| 9. | Градоначалник на Општина | Доставување на Предлог Буџетот до Советот | Средина на Декември |
| 10. | Совет на општина | Се води расправа во телата на Советот на општината | 20 Декември |
| 11. | Совет на Општина | Усвојување на Буџетот<br>Доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот донесува одлука за времено финасирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС член 28 став 2 | 25-31 декември |

Бр.08-1190/4
31.08.2018 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдумот

**Се прогласува** Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдумот , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 31.08.2018 год.

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Бр. 08-1236/3
04.09.2018 год.
Јегуновце

7.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), а во согласност на член 78 став 1 од Изборниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.32/14-Пречистен текст, 196/15 ... 67/17 и 125/17), Советот на Општина Јегуновце на дванаесетата седница одржана на 31.08.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на места за истакнувањена изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдум

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат места за истакнување на изборни плакати на територија на општина Јегуновце без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдум.

Член 2

Истакнување на изборни плакати за време на изборната кампања за одржување на референдум дозволено да се истакнуваат, без надоместок:

- на електричните и телефонските столбови (бандери)
- на огласните табли по населените места

Секој подносител на листа одделно има право на користење на местата за истакнување на изборни плакати од став 1 алинеа 1 на овој член на секоја пета бандера.

Член 3

Уништувањето на изборни плакати или лепење плакати врз друга плаката на други организатори на изборната кампања е забранетo.

Член 4

Организаторот на изборната кампањата е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и на огласна табла на Општината.

Бр.08-1190/5
31.08.2018 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2018 год.................... 1

2. Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2018 год.................................................................. 2

3. Решение за прогласување на Буџетскиот календар за донесување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2019 год. ....................................... 3

4. Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2019 год. ......................................................................... 4

5. Решение за прогласување на Одлуката за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдумот.............................. 6

6. Одлука за определување на места за истакнување на изборни плакати без надоместок за време на изборната кампања за одржување на референдумот...................................................................... 7